**З А П И С Н И К**
**од Сто дваесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 13 ноември 2025 година**

**Скопје, ноември 2025 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто дваесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 13 ноември 2025 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео-конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 12:10 часот.

Со седницата претседаваше Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем.

На седницата учествуваа Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, членовите на Владата, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, Игор Филков, министер за правда, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, Горан Минчев, министер за јавна администрација, Борко Ристовски, министер за спорт и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Хасим Муртезани.

На седницата учествуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваа и м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Јовица Андовски, заменик на министерот за здравство, проф. д-р Лулзим Алиу, заменик на министерот за образование и наука и м-р Ане Лашкоска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање.

На седницата присуствуваа и Марија Митева, портпарол на Владата на Република Северна Македонија, како и м-р Димитар Димовски, секретар за јавни политики, координација и следење на Програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата.

На седницата не учествуваа проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, д-р Азир Алиу, министер за здравство, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади и м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација.

*

*     *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Кадровски прашања

2. Прашања и предлози

*

*          *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

1. Владата на Даут Мемиши, директор на Бирото за регионален развој, орган во состав на Министерството за локална самоуправа, му утврди престанок на функцијата, по сила на закон поради избор на друга функција.

2. Владата го разреши Хаќим Рамадани од должноста директор на Државниот инспекторат за локална самоуправа, орган во состав на Министерството за локална самоуправа.

3. Владата го разреши Илија Стоилев од должноста директор на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.

4. Владата ја именува Даниела Иротова - Лазарева за вршител на должноста директор на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој и истовремено и утврди коефициент за пресметување на плата.

5. Владата ја разреши Наташа Котлар - Трајкова од должноста вршител на должноста директор на Државниот архив на Република Северна Македонија.

6. Владата го разреши Димитар Богески од должноста вршител на должноста заменик - директор на Државниот архив на Република Северна Македонија.

7. Владата го именува Димитар Богески за вршител на должноста директор на Државниот архив на Република Северна Македонија и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

8. Владата на Зоран Бајовски, директор на Дирекцијата за радијациона сигурност, му утврди престанок на функцијата, по сила на закон поради избор на друга функција.

9. Владата го именува Дејан Богојевски за вршител на должноста директор на Дирекцијата за радијациона сигурност и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

10. Владата на Фисник Мела, заменик - директор на Управата за јавни приходи, орган во состав на Министерството за финансии, му утврди престанок на функцијата, по сила на закон поради избор на друга функција.

11. Владата ја разреши проф. д-р Сузана Јордановска од должноста директор на Државната фитосанитарна лабораторија, орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, на нејзино барање.

12. Владата го именува Оливер Ивановски за вршител на должноста директор на Државната фитосанитарна лабораторија, орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и

водостопанство, на предлог на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

13. Владата ја разреши Анита Крстевска Стефанова од должноста член на Управниот одбор на ЈУ Центар за социјална работа Кратово -стручен работник од Центарот за социјална работа, на нејзино барање поради постоење на состојба на судир на интереси.

14. Владата ја разреши Личе Стоева од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Центар за јавно здравје – Струмица, на нејзино барање.

14.1 Владата ја именува Ани Ставрова за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Центар за јавно здравје – Струмица.

15. Владата ја разреши Славица Цветаноска од должноста член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Специјална болница за ортопедија и трауматологија „Св. Еразмо“ - Охрид, на нејзино барање.

15.1 Владата ја именува Марија Раткушиновска Бимбилоски за член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Специјална болница за ортопедија и трауматологија „Св. Еразмо“ – Охрид.

16. Владата го именува Мане Манојлоски за член на Управниот одбор на ЈУ за деца – Детско одморалиште „Илинден“ – Гостивар, претставник од Јавната установа.

17. Владата ја разреши Наталија Дединец од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Радовиш, на нејзино барање.

18. Владата им утврди престанок на мандатот, согласно со закон, на членовите на Управниот одбор на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот и тоа на:

- Слободан Блажевски,
- Катерина Каркалашева,
- Бобан Миланов,
- Моника Николовска Гајдов,
- Ѓорѓи Трендафилов и
- Даниела Михајловска Василевска.

19. Владата ја разреши Андриана Липтова од должноста претседател на Комисијата за право на поврат на средствата на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија.

19.1 Владата го именува Игор Аневски за претседател на Комисијата за право на поврат на средствата на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија, на предлог на директорот од Управата за јавни приходи.

20. Владата ја разреши Весна Ралповска од должноста член на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Берово, на нејзино барање, поради постоење на состојба на судир на интереси.

21. Владата ја разреши Крстена Јовановска од должноста член на Училишниот одбор – претставник на основачот на Државно средно училиште со ресурсен центар „Св. Наум Охридски” Скопје, поради постоење на состојба на судир на интереси.

22. Владата ја разреши Анета Стамкова од должноста член на Советот на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија, на нејзино барање, поради постоење на состојба на судир на интереси.

23. Владата го разреши Горан Николовски од должноста член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом „Гоце Делчев“ – Делчево, поради постоење на состојба на судир на интереси.

24. Владата ја разреши Александра Гошевска од должноста член на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Делчево, поради постоење на состојба на судир на интереси.

25. Владата ја разреши Александра Соколова од должноста член на Управниот одбор претставник на основачот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Кочани, поради постоење на состојба на судир на интереси.

26. Владата ја разреши Даниела Тодосова Митевска од должноста член на Управниот одбор претставник на основачот на ЈУ Центар за социјална работа Кратово, поради постоење на состојба на судир на интереси.

27. Владата го разреши Методија Котески од должноста член на Органот за надзор на ЈУ Центар за социјална работа Крушево, поради постоење на состојба на судир на интереси.

28. Владата го разреши Драганче Матевски од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом Македонски Брод, поради постоење на состојба на судир на интереси.

29. Владата од должноста членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие Колекторски систем, поради постоење на состојба на судир на интереси, ги разреши:

- Катерина Стојаноска и

- Татјана Димовска.

30. Владата ја разреши Билјана Ристеска од должноста член на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Прилеп, поради постоење на состојба на судир на интереси.

31. Владата ја разреши Маја Павловска од должноста член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Завод за превенција, лекување и рехабилитација на хронични респираторни неспецифични и алергиски заболувања – Отешево, поради постоење на состојба на судир на интереси.

32. Владата ја разреши Деспина Цветановска од должноста член на Управниот одбор претставник на основачот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Свети Николе, поради постоење на состојба на судир на интереси.

33. Владата ја разреши Диана Ристовска Додевски од должноста член на Управниот одбор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија ц.о. Скопје, поради постоење на состојба на судир на интереси.

34. Владата ја разреши Драгана Анастасова Митев од должноста член на Органот за надзор на ЈУ Центар за социјална работа Пробиштип, поради постоење на состојба на судир на интереси.

35. Владата го разреши Скендер Османи од должноста член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за државни патишта, поради постоење на состојба на судир на интереси.

36. Владата го разреши Блерим Бесими од должноста член на Управниот одбор претставник на основачот на ЈУ Центар за социјална работа Ресен, поради постоење на состојба на судир на интереси.

37. Владата ја разреши Арлинда Шлаку од должноста член на Одборот за надзор на материјално финансиска контрола на Институт за акредитација на Република Северна Македонија, на нејзино барање, поради постоење на состојба на судир на интереси.
38. Владата донесе Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на коефициенти за пресметување на платата на функционерите кои ги именува Владата на Република Северна Македонија, со која,

во табелата точка 125 и точка 130 се бришат.

| | | |
|---|---|---|
| 125 | Директор на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот | 2,24 |

| | | |
|---|---|---|
| 130 | Директор на Фондот за иновации и технолошки развој | 2,48 |

39. Владата донесе Одлука за распишување на јавен оглас за избор на директор на Агенцијата за иновациска дејност, научно-технолошки развој и претприемништво.

40. Владата формира Комисија за селекција за избор на еден член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија – Скопје, два члена на Управниот одбор на Јавно претпријатие за водоснабдување Студенчица Кичево, еден член на Управниот одбор на Јавно претпријатие за државни патишта и два члена на Управниот одбор на Јавно претпријатие Колекторски систем, во следниот состав:

- Благоја Ташаминов - претседател
- Анета Стојановска - заменик – претседател

од редот на вработените во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија:
- Марија Апостолова Николовска - член
- Дејан Герасимовски - заменик – член

од Секторот за човечки ресурси во Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија:
- Надица Апостоловска - член
- Македонка Тимова - заменик – член

од редот на вработените во Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија;
- Шиќири Коруми - член
- Љупчо Камчев - заменик - член

од редот на вработените во Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија – Скопје:
- Тони Ѓуревски - член
- Цена Поповска - заменик – член

од редот на вработените во Јавното претпријатие за водоснабдување Студенчица Кичево:
- Бранкица Ваневска - член
- Јагода Цветаноска - заменик – член

од редот на вработените во Јавното претпријатие за државни патишта:
- Ванчо Милевски - член
- Кирил Каркалашев - заменик - член

од редот на вработените во Јавното претпријатие Колекторски систем:
- Христијан Ристески - член
- Владо Пипиле - заменик - член.

41. Владата врз основа на член 42 став (1) алинеја 2 од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21, 58/24 и 124/25) заклучи да му предложи на Собранието на Република Северна Македонија за членови на Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност, од различно научно – истражувачко поле од прво ниво според Меѓународната фраскатиева класификација, да ги избере:

- проф д-р Ана Тромбева – Гаврилоска, техничко -технолошки науки од Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје,
- доц. д-р Марко Спасов, медицински науки и здравство од Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје,
- проф. д-р Мурат Алиу, општествени науки од Универзитет Мајка Тереза – Скопје,
- проф. д-р Бертон Сулејмани, хуманистички науки од Државен универзитет во Тетово и
- проф. д-р Агим Хазири, земјоделски и ветеринарни науки од Државен универзитет во Тетово.

Истовремено, Владата заклучи да го повлече Предлогот за избор на членови на Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност, доставен до Собранието на Република Северна Македонија, со бр.18-7784/1 од 7.8.2025 година.

42. Владата постапувајќи по Пресудата на Управниот суд У-3. бр.393/2024 од 15.7.2025 година, донесе Решение за отповикување на Марјанчо Танушевски од должноста директор на Културно-информативниот центар на Република Северна Македонија во Белград, Република Србија, на предлог на Министерството за култура и туризам.

43. Владата постапувајќи по Пресудата на Управниот суд У-3. бр.400/2024 и У-3. бр.402/2024 од 9.7.2025 година, донесе Решение за разрешување од должноста членови и именување на в.д. членови на Управниот одбор на ЈП за извршување на водостопански дејности ХС „Злетовица"-Пробиштип.

44. Владата постапувајќи по Пресудата на Управниот суд У-3.бр.385/2024 од 9.7.2025 година, донесе Решение за разрешување од должноста членови и в.д членови и именување на в.д членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за државни патишта.

45. Владата заклучи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас во најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, за именување на 1 (еден) неизвршен член на Советот на Народната банка на Република Северна Македонија.

46. Владата на предлог на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија заклучи на веб - страницата на Владата на Република Северна Македонија и на веб - страниците на јавните претпријатија, да објави Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови на Управниот одбор во јавните претпријатија основани од Владата и тоа:

• 1 (еден) член на Управниот одбор на Јавно претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија – Скопје;
• 2 (два) члена на Управниот одбор на Јавно претпријатие за водоснабдување Студенчица Кичево;
• 1 (еден) член на Управниот одбор на Јавно претпријатие за државни патишта и
• 2 (два) члена на Управниот одбор на Јавно претпријатие Колекторски систем - Скопје.

**<u>Точка 2</u>**

Владата заклучи да го повлече од собраниска постапка Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за младинско учество и младински политики, доставен до Собранието на Република Северна Македонија, со писмо бр. 50-4064/22 од 5 август 2025 година.

*

*          *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 12:30 часот.